# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
# НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

"Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Четврток, 27 јули 2000
Скопје
Број 61 Год. LVI

Претплатата за 2000 година изнесува 7.800 денари. Овој број чини 50 денари. Жиро сметка 40100-603-12498


**2499.**

Врз основа на член 165, став 1 точка 3 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/93, 4/95, 14/95, 71/96, 32/97 и 24/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11.07.2000 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА И СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО СТРУЧНАТА СЛУЖБА НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ**

1. Владата дава согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организација на работата и систематизација на работните места во Стручната служба на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3586/1
11 јули 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

---

**2500.**

Врз основа на член 142 став 3 од Законот за органите на управата ("Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и "Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11 јули 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЗАМЕНИК НА ГЛАВНИОТ РЕПУБЛИЧКИ ПАЗАРЕН ИНСПЕКТОР**

1. Се разрешува Лазар Кујунџиев од должноста заменик на главниот републички пазарен инспектор, поради остварување право на предвремена пензија, заклучно со 30.06.2000 година.

2. Ова решение ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3455/2
11 јули 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

---

**2501.**

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата ("Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и "Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11 јули 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

1. Се разрешува Каменчо Ѓоргов од должноста советник на министерот за труд и социјална политика, поради остварување право на предвремена пензија, заклучно со 30.06.2000 година.

2. Ова решение ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3504/2
11 јули 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

---

**2502.**

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11 јули 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА "ИЛИНДЕН" - ДЕМИР ХИСАР**

1. За вршител на должноста директор на Домот на културата "Илинден" - Демир Хисар се именува Борис Дамески, професор.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3551/2
11 јули 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

---

**2503.**

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата ("Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и "Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11 јули 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА СТОПАНСТВО**

1. За помошник на министерот за стопанство се назначува Бранко Иванов, досегашен советник на министерот за стопанство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3567/1
11 јули 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

---

**2504.**

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата ("Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и "Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11 јули 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА СТОПАНСТВО**

1. Се разрешува Бранко Иванов од должноста советник на министерот за стопанство, поради заминување на друга должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3568/1
11 јули 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**2505.**

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата ("Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и "Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11 јули 2000 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА СТОПАНСТВО

1. За помошник на министерот за стопанство се назначува Милица Георгиева, досегашен советник на министерот за финансии.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3569/1
11 јули 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**2506.**

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата ("Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и "Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11 јули 2000 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ФИНАНСИИ

1. Се разрешува Милица Георгиева од должноста советник на министерот за финансии, поради заминување на друга должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3570/1
11 јули 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**2507.**

Врз основа на член 17, а во врска со член 59 став 1 од Законот за телекомуникациите ("Службен весник на РМ" бр. 33/96 и 7/98), министерот за сообраќај и врски донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА НУМЕРАЦИЈА ЗА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИТЕ МРЕЖИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во решението за утврдување на Планот за нумерација за телекомуникациските мрежи во Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 47/99), во Планот за нумерација за телекомуникациските мрежи во Република Македонија, кој е негов составен дел, во членот 17, за нумерациското подрачје означено како "34" зборовите: "Гевгелија, Струмица, Валандово, Дојран" се заменуваат со зборовите: "Струмица, Гевгелија, Валандово, Дојран", а зборовите за нумерациските подрачја означени како "41 до 46-40" се менуваат и гласат:

| | |
|---|---|
| "42 | Гостивар, |
| 43 | Велес, Неготино, Кавадарци, |
| 44 | Тетово, |
| 45 | Кичево, Македонски Брод, |
| 46 | Охрид, Струга, Дебар, |
| 47 | Битола, Демир Хисар, Ресен, |
| 48 | Прилеп, Крушево, |
| 40, 41, 49 | резерва". |

Член 2

Во членот 29, во став 2 зборовите: "01.07.2000 година" се заменуваат: "01.09.2000 година", а зборовите: "6 (шест) месеци" се заменуваат со зборовите: "1 (еден) месец".

Во ставот 3, зборовите: "ќе започнат да се применуваат од 01.07.2000 година" се заменуваат со зборовите: "ќе се воведат најдоцна до 30.06.2001 година".

Ставот 4 се менува и гласи:

"7-цифрена нумерација за Скопје и 6-цифрена нумерација за другите нумерациски подрачја, ќе се воведе најдоцна до 31.12.2001 година".

Ставот 5 се брише.

Постојните ставови 6, 7, 8, 9 и 10 стануваат ставови 5, 6, 7, 8 и 9.

Член 3

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-6223
12 јули 2000 година
Скопје

Министер за сообраќај и врски
**Боби Спирковски,** с.р.

**2508.**

Врз основа на член 30 став 4 од Законот за ревизијата ("Службен весник на РМ" бр. 65/97 и 27/2000), министерот за финансии донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ЗВАЊЕТО ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на полагање на испитот за стекнување на звањето овластен ревизор.

Член 2

Испитот се полага според програма што ги опфаќа предметите од следниот наставен план: Финансиско сметководство и известување; Ревизија; Управувачко сметководство и финансиски менаџмент; Законска регулатива од областа на даночниот систем и правото во контекст на сметководството и ревизијата, Основи на информациони системи и технологија и Кодекс на етика за професионални сметководители.

Член 3

Претседателот на Комисијата за полагање на испитот, односно неговиот заменик, раководи со работата на Комисијата, го одредува времето на полагање на испитот и се грижи за правилна работа на Комисијата.

Член 4

Полагањето на испитот се изведува во Сојузот на сметководители, финансисти и ревизори на Република Македонија.

Член 5

Комисијата, со оглас во дневен печат, ги известува заинтересираните кандидати за временскиот термин на полагање на испитот.

Полагањето на испитот се изведува двапати годишно.

Пред полагањето на испитот може да се организира едукација, која се изведува во Економскиот факултет - Скопје од страна на овластени ревизори.

За стекнување на право за полагање на испитот едукацијата не е задолжителна.

Трошоците за едукација како и трошоците за полагање на испитот се плаќаат однапред.

Член 6

Пријавата за полагање на испитот како и пријавата за едукација се поднесуваат до Министерството за финансии.

Со пријавата за полагање на испитот кандидатот ги обезбедува следните податоци и документи:

1. Име и презиме;
2. Датум и место на раѓање;
3. Адреса на живеење;
4. ЕМБГ;
5. Диплома за завршен Економски факултет во Република Македонија или нострифицирана диплома;
6. Потврда за работното искуство; и
7. Уверение за неосудуван.

Со пријавата за едукација кандидатот ги доставува податоците и документите наведени во став 2 на овој член освен уверението за неосудуван.

Документите од точките 5, 6 и 7 од став 2 на овој член се приложуваат во оригинал, односно заверен препис или заверена фотокопија.

Член 7

Кандидатот кој поднел пријава за полагање на испитот како и пријава за едукација може да се откаже од полагањето на испитот, односно едукацијата, за што го известува Министерството за финансии најмалку 10 дена пред денот определен за полагање на испитот, односно едукацијата.

Доколку кандидатот не се јави на испитот на кој што бил уредно поканет, а навремено не го известил Министерството за финансии дека се откажува од испитот, должен е да ги надомести сите трошоци како да го полагал испитот.

Член 8

Испитот се полага писмено.

Пред почетокот на полагањето на испитот, секретарот на Комисијата го утврдува идентитетот на кандидатите кои полагаат.

Секретарот на Комисијата, во присуство на претседателот и членовите на Комисијата, им ги врачува на секој од кандидатите одделно испитните прашања, односно писмениот тест, кои се посебно заштитени од страна на Комисијата.

На испитот, присуствуваат само претседателот, членовите и секретарот на Комисијата и кандидатите кои полагаат.

За време на полагање на испитот, не е дозволено меѓусебно договарање, користење на недозволени средства ниту напуштање на просторијата во која се изведува полагањето.

Член 9

Кандидатот е должен писмената задача да ја предаде во времето определено за полагање на испитот.

Член 10

Секретарот на Комисијата води записник, во кој се внесуваат следните податоци:

1. Составот на Комисијата;
2. Име и презиме на кандидатот;
3. Датум на полагање на испитот;
4. Испитните прашања поставени на кандидатот; и
5. Одлука на Комисијата за постигнатиот успех на кандидатот на испитот.

Записникот го потпишуваат претседателот на Комисијата, членовите и секретарот на Комисијата.

Член 11

Комисијата го оценува описно постигнатиот успех на кандидатот на испитот и тоа како: "Положил" или "Не положил".

При утврдување на постигнатиот успех на кандидатот се применува следната бодовна табела за секој предмет поединечно:

| Предмет | Можен број на бодови | Минимално ниво за положен испит во (бодови) | (%) |
|---|---|---|---|
| Финансиско сметководство и известување | 100 | 70 | 70% |
| Ревизија | 90 | 63 | 70% |
| Управувачко сметководство и финансиски менаџмент | 60 | 36 | 60% |
| Законска регулатива од областа на даночниот систем и првото во контекст на сметководството и ревизијата | 40 | 24 | 60% |
| Основи на информациони системи и технологија | 20 | 12 | 60% |
| Кодекс на етика за професионални сметководители | 20 | 12 | 60% |

Член 12

Кандидатот кој на испитот не покажал задоволителни резултати, може да го повтори полагањето на испитот во секој од следните испитни рокови.

Кандидатот кој од предметот Финансиско сметководство и известување и Ревизија не го остварил минималното ниво на бодови за положен испит од член 11 на овој правилник, а остварил најмалку 60% од можните бодови од Финансиско сметководство и известување и Ревизија, ги полага само оние предмети за кои не го остварил минималното ниво на бодови за положен испит.

Кандидатот кој остварил помалку од 60% од можните бодови од предметот Финансиско сметководство и известување и Ревизија, го полага испитот во целост, во секој од следните испитни рокови.

Член 13

За кандидатите кои го положиле испитот се води евиденција во Министерството за финансии, која содржи податоци за кандидатот од пријавата за полагање, датум на полагање на испитот и постигнатиот успех на испитот.

Член 14

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-8408/1
07 јули 2000 година
Скопје

Министер за финансии,
**Никола Груевски,** с.р.

---

**2509.**

Уставниот суд на Република Македонија врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија, член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 12 јули 2000 година, донесе

## ОДЛУКА

1. Се укинуваат член 1 од Законот за изменување на Законот за акцизите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 9/2000) и член 2 став 4 од Законот за изменување на Законот за акцизите во делот "излезната рафинериска цена ја утврдува Владата на Република Македонија" ("Службен весник на Република Македонија" бр. 43/99).

2. Се става вон сила Решението У. бр. 35/2000 од 17 мај 2000 година за запирање од извршување поединечните акти и дејствија донесени, односно преземени врз основа на оспорените членови.

3. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на РМ".

4. Уставниот суд на Република Македонија по повод поднесена иницијатива на Борис Кондарко и Ни-

кола Поповски од Скопје и по сопствена иницијатива поведе постапка за оценување уставноста на член 1 и член 2 став 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите ("Службен весник на РМ" бр. 9/2000 и 43/99) затоа што тие не биле во согласност со Уставот.

Истовремено Судот ги запре од извршување поединечните акти и дејствија донесени, односно преземени врз основа на оспорените членови.

5. Судот на седницата утврди дека во член 1 од Законот за изменување на Законот за акцизи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 9/2000) член 10 став 2 се менува и гласи: "Акцизата од став 1 на овој член се утврдува периодично како разлика меѓу излезната рафинериска и производната рафинериска цена, при што пропишаната акциза во тарифен број 1 за одделните нафтени деривати од точките 1), 2), 3) и 7) претставува просечен износ на акциза во даночниот период на годишно ниво.

Судот исто така утврди дека во членот 2 став 4 од Законот за изменување на Законот за акцизите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 43/99) со кој се менува член 10 од Законот за акцизите е предвидено дека "излезната рафинериска цена за секој дериват од став 2 на овој член е производна рафинериска цена за секој дериват плус акцизата. Излезната рафинериска цена ја утврдува Владата на Република Македонија.

Од анализата на содржината на наведената одредба произлегува дека акцизата како јавна давачка не е утврдена во фиксен износ туку претставува просечен износ во даночниот период на годишно ниво, односно таа варира во определени даночни периоди како разлика меѓу излезната рафинериска цена и производната рафинериска цена, а излезната рафинериска цена ја утврдува Владата на Република Македонија.

6. Според член 33 од Уставот на Република Македонија секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон.

Според член 68 став 1 алинеја 3 од Уставот, Собранието на Република Македонија ги утврдува јавните давачки.

Во член 1 став 2 од Законот за акцизата е предвидено дека акцизата претставува посебен [illegible] на [illegible] на промет на производи определени со овој закон.

Од наведен[illegible] те одредб[illegible] про[illegible]з[illegible]е[illegible] ва[illegible]де[illegible]а[illegible]а [illegible]и[illegible]ата е јавна давачка која ја утврдува Собранието.

7. Имајќи ги предвид наведените одредби произлегува дека акцизата е јавна давачка која ја утврдува Собранието. Утврдувањето, односно воведувањето на јавните давачки, како и утврдувањето на нивните битни елементи (обврзник, основица, стапка, олеснување и ослободување) треба да бидат утврдени со закон од страна на Собранието. Според тоа даночните обврски мора да бидат утврдени јасно и разбирливо за даночниот обврзник, а утврдувањето на даночната обврска опфаќа не само воведување на јавната давачка туку утврдување и на елементите на јавната давачка меѓу кои елементи спаѓа и висината на даночната стапка.

Со оглед на тоа што висината на стапката на јавната давачка, односно на акцизата во конкретниот случај не е утврдена со закон туку тоа е допуштено да го прави Владата врз основа на просечниот износ на акцизата Судот смета дека на Владата и се пренесени овластувања кои се во исклучива надлежност на Собранието.

Притоа, Судот смета дека Владата може да предвидува механизми, односно да му предлага на Собранието инструменти за т.н. упросечување на висината на акцизата, меѓутоа самото утврдување на акцизата треба да го направи законодавното тело, односно Собранието. Од одредбата на член 2 став 4 произлегува дека Владата ја утврдува излезната рафинериска цена која содржи производна рафинериска цена плус акциза. Во другите ставови на член 2 од Законот за изменување на Законот за акцизите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 43/99), регулирано е што претставува производна рафинериска цена, а тоа е цената на прагот на рафинеријата за секој дериват утоварен во превозно средство, а што претставува излезна рафинериска цена, а тоа е производна рафинериска цена плус акциза.

Со оглед на тоа што во конкретниов случај во Законот, акцизата како јавна давачка не е утврдена во фиксен износ, туку таа претставува просечен износ на акциза во даночниот период на годишно ниво, односно таа варира во одделни даночни периоди, Судот смета дека Владата ја утврдува акцизата периодично, што не е во согласност со Уставот.

Од друга страна, пак, имајќи предвид дека во оспорениот член 1 од Законот за изменување на Законот за акцизи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 9/2000) не е наведено кој ја утврдува акцизата периодично, Судот оцени дека наведената одредба и од тој аспект е нејасна и неприменлива и е во спротивност со член 33 и 68 од Уставот на Република Македонија.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од оваа одлука.

8. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Тодор Џунов и судиите д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, д-р Јован Проевски, Бесим Селими и д-р Јосиф Талевски.

У. бр. 35/2000
12 јули 2000 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
д-р **Тодор Џунов**, с.р.

---

**2510.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 12 јули 2000 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. Се поведува постапка за оценување уставноста на Законот за остварување на предвремена пензија ("Службен весник на Република Македонија" р. 37/2000, 41 2000 и 53/2000).

2.Се запираат од извршување поединечните акти и дејствија донесени односно преземени врз основа на Законот означен во точката 1 од ова решение.

3. Ова решение произведува правно дејство со објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

4. Повеќе иницијатори - поединци, групи или здруженија на граѓани (27), на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијативи за поведување постапка за оценување уставноста на целината или на одделните одредби од Законот означен во точката 1 од ова решение, затоа што не биле во согласност со Уставот на Република Македонија.

а) Така, Законот во целина се оспорува од следните пет причини:

- во ситуација (1) кога постои системски пропис за работни односи, па во тие рамки и за престанок на работниот однос (Закон за работните односи) и (2) кога се нормални општествените (односно политичките, безбедносните, економските и други) услови, немало уставни основи за интервентни закони.

- Законот во целина предвидува (1) ограничување на правата на граѓаните надвор од случаите дозволени за ограничување во Уставот (имено, Уставот не давал можност за ограничување на правата на граѓаните во сверата на работните односи), (2) иако не е време на воена или вонредна состојба (во кој случај Уставот дозволува ограничувања на правата) и (3) создавал дискриминација по основ на пол (што Уставот не го дозволува во ниедна ситуација), поради што Законот не бил во согласност со член 54 ставовите 1, 2 и 3 од Уставот.

- определувањето Законот како целина да се однесува само на одредена категорија работници (оние вработени кај корисниците на средствата од Буџетот на Република Македонија), а не на сите работници каде и да се вработени, значело нивно ставање во понеповолна положба (заминуваат порано во пензија - со 35 години стаж, а не со 40 години или и со помалку стаж ако имаат одредена возраст - и со тоа добиваат помали приходи) и нееднаков однос на државата кон граѓаните, (едните порано, а другите подоцна се упатуваат во пензија), поради што Законот како целина не бил во согласност со член 9 став 2 од Уставот.

- предвидувањето Законот да се однесува само на државните службеници, а не и на вработените во стопанството, значело привилегирање на државните службеници со оглед дека предвремено стекнувале полна пензија за разлика од "вишокот" во стопанството (овие добивале само симболичен материјален надоместок иако работеле во потешки услови, а не стекнувале "бенифицирани" услови за пензионирање), со што се создавала нееднаквост помеѓу сите вработени и различност помеѓу нив во обемот на правата од работата, поради што целината на Законот не била во согласност со членовите 9 и 32 од Уставот.

- Законот, со тоа што не ги опфаќал сите корисници на Буџетот (на пример, лицата избрани од Собранието и Владата), туку само вработените и именуваните, назначените и раководните работници, создавал нееднаквост помеѓу оние кои остваруваат плата од ист извор, поради што Законот не бил во согласност со член 9 од Уставот и од тој аспект.

б) Член 1 став 2 од Законот се оспорува бидејќи предвидувањето предвремениот престанок на работниот однос да се однесува и на именуваните лица значело и јавните обвинители односно нивните заменици да остваруваат предвремена пензија, со што всушност им се прекинувал 6-годишниот мандат и со тоа се нарушувала самостојноста на јавното обвинителство утврдена во член 106 од Уставот, поради што наведениот член од Законот не бил во согласност со означената уставна определба;

в) Член 2 во целина се оспорува од шест аспекти бидејќи:

- предвидувал предвремено пензионирање и на (1) работно-способни лица, (2) чии работни места се задржувале односно биле потребни и во иднина (наместо тоа да било определено само за изнемоштени, болни, неспособни и за лица со несоодветно, пониско образование од потребното), со што државата таквите лица ги ставала во различна, нееднаква правна положба како во однос на оние кои заминале во редовна пензија пред влегувањето во сила на оспорениов закон, така и во однос на оние кои ќе заминат во пензија после престанокот на применувањето на оспорениов закон, па и во однос на оние кои остануваат на работа, а на истите видови работни задачи, поради што тој член од Законот не бил во согласност со член 9 став 2 од Уставот.

- предвременото пензионирање на работно-способните лица чии работни места остануваат и понатаму значело (1) бркање од работа на најсуров начин, (2) врежување трајни, крвави линии длабоко во псехата на тие луѓе, (3) создавање чувство на пониженост (односно чувство дека тие луѓе не вредат), (4) потоа дека се оставени без правда (односно без да им се изрази заслужената почит) и (5) репресирани (односно казнети), со што членот 2 од Законот длабоко навлегувал во моралниот интегритет на човекот мачејќи го, понижувајќи го и казнувајќи го, поради што таа законска одредба не била во согласност со член 11 ставовите 1 и 2 од Уставот.

- членот 2 од Законот, со оглед на тоа што (1) законската одредба го повредила принципот презумпција на невиност на тој начин што ги казнил луѓето пред да ја утврди нивната вина и што (2) тоа се прави со закон наместо со одлука на суд, не бил во согласност и со член 13 став 1 од Уставот; а дека е во прашање казнување, произлегувало од таму што тие луѓе трпеле штета (им се намалувале примањата) иако не направиле ништо погрешно.

- законската одредба во целина не била во согласност и со член 15 од Уставот бидејќи, определувајќи критериуми за престанок на работниот однос односно за предвремено пензионирање, таа не овозможувала остварување на уставно загарантираното право на жалба.

- Членот 2 од Законот, определувајќи критериуми за престанок на работниот однос кои се задолжителни, всушност (1) насилно го одзема правото на работа на определените граѓани, го повредува правото на заштита при работењето и на материјална обезбедност и го повредува принципот секое работно место да му биде достапно на секого под еднакви услови, при што стекнувањето на друго право (право на социјална сигурност односно на пензија) не можело да претставува соодветна компензација на правото на работа, поради што таа законска одредба не била во согласност и со член 32 ставовите 1 и 2 од Уставот.

- пропишувањето, во член 2 од Законот, престанок на работен однос за определени граѓани, всушност значело нивно отпуштање од работа од страна на државата и тоа заради остварување на тесни партиски интереси, наместо за тоа да одлучуваат работодавачите (на пример, за наставниците тоа се директорите на училиштата), поради што таа законска одредба била неуставна.

г) член 2 став 1 алинеја 1 од Законот се оспорува од два аспекти:

- предвидувањето работниот однос на жените да им престане ако наполниле 58,5 години живот и 20 години стаж, а не ако и тие, како мажите, наполниле 63 години живот и 20 години стаж, значело (1) ставање на жените во нееднаква, понеповолна, положба од мажите, и (2) наметнување обврска да мораат да заминуваат во пензија, а не тоа да претставува право на жените самите да избират со оглед на нивната специфична положба како мајки, како што определувале Законот за пензиското и инвалидското осигурување и Законот за работните односи, поради што делот "односно 58,5 години живот (жена)" од означената законска одредба не бил во согласност со член 9 став 2 од Уставот.

- оспорениот дел од член 2 став 1 алинеја 1 на Законот не бил во согласност и со член 32 ставовите 1 и 2 од Уставот со оглед дека предвидувал (1) одземање на правото на работа на жените и (2) оневозможување и на нив да им биде достапно секое работно место како на мажите, под еднакви услови.

д) определувањето, во член 2 став 1 алинеја 2 од Законот, работниот однос да им престане на сите лица кои наполниле 35 години стаж (и мажи и жени) значело скратување на работниот стаж на мажите од 40 години на 35 години односно намалување и одземање право на работа за 5 години, поради што оваа одредба не била во согласност со член 32 став 1 од Уставот.

ѓ) Членот 3 од Законот, со определувањето (1) различен стартен процент при исти години на пензиски стаж (за мажите со 20 години стаж 55% од пензиска основица, а за жените со 20 години стаж 57,50% од пензиска основица) и (2) различен пресметковен процент за секоја наредна година пензиски стаж и на мажите и на жените (за мажите 1,67% зголемување на пензиската основица по година, а за жените 1,50% такво зголемување), создавал нееднаквост по пол на штета на мажите така што за ист стаж и работа остварувале различна пензија (на пример, маж со 21 година стаж остварува 55% плус 1,67% вкупно 56,67% од пензиската основица, а жената за, исто така, 21 година стаж остварува 57,50% плус 1,50% вкупно 59,00%), поради што оваа законска одредба не била во согласност со член 9 од Уставот.

е) Членот 4 од Законот се оспорува поради тоа што не ја определил висината (процентот) на пензиската основица за лицата кои имаат над 30 години стаж и доброволно ќе побараат да заминат во пензија.

ж) Членот 6 од Законот ја поврзува исплатата на средствата за предвремена пензија со прописите за

престанок на работниот однос, во ситуација кога спорниот закон интервенира во Законот за работните односи и поставува други правила, поради што таквото поврзување било неоправдано.

з) Членот 7 од Законот, како и претходната одредба, предвидувал поврзување на некои права за предвремено пензионирање со одредбите од Законот за пензиско....., иако спорниот закон интервенира во "редовниот" пензиски систем, па и ова поврзување било неоправдано.

ѕ) Членот 9 од Законот се оспорува поради тоа што предвидувал престанок на работниот однос на наставниците во високото образование кои немаат научни звања, со што всушност го повредувал правото на работа на наведената категорија лица, па не бил во согласност со член 32 став 1 од Уставот.

Едновремено, во 8 поднесени иницијативи се бара Судот да изрече времена мерка - запирање од извршување на поединечни акти и дејства, до конечно произнесување на Судот, заради спречување да настанат тешко отстранливи штетни последици.

5. На седницата Судот утврди дека со оспорениот закон се определуваат условите за остварување на предвремена пензија за вработените кај корисниците и единките-корисници на средствата од Буџетот на Република Македонија (член 1) и тие се најмалку 63 години живот (маж), односно 58,5 години живот (жена) и 20 години пензиски стаж и најмалку 35 години пензиски стаж (маж и жена) без оглед на годините на живот (член 2).

Во член 3 од Законот се определува пензиската основица на вработените на кои ќе им престане работниот однос врз основа на член 2 алинеја 1 од овој закон, а во член 4 од Законот се предвидува можност за доброволно заминување во предвремена пензија на вработениот кај корисниците од член 1 на овој закон.

Според член 6 од Законот, средствата за исплата на предвремена пензија остварена според овој закон се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, а во член 8 од Законот се утврдува дека за спроведување на овој закон е надлежен Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија.

Во член 9 од Законот се предвидува можност за доброволно остварување на предвремена пензија на вработените во високото образование избрани во наставничко звање (доцент, вонреден професор или редовен професор) и на вработените во јавните научни установи избрани во научни звања (научен соработник, виш научен соработник или научен советник), а, според член 9-б од Законот, ако корисникот на предвремената пензија заснова работен однос или отпочне да врши самостојна дејност му се запира исплатата на предвремената пензија.

Во член 10 од Законот е определено дека овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија". а ќе се применува до 31 декември 2000 година.

6. Според член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот. Собранието на Република Македонија донесува закони, а, според член 32 став 5 од Уставот, остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Оттука, неспорно е правото на законодавецот да уредува прашања од сферата на работниот однос со закон, па во тој склоп и престанок на работниот однос.

Исто така, според член 34 од Уставот, граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор.

Оттука, неспорно е и правото на законодавецот, во склоп на социјалната сигурност и социјалното осигурување на граѓаните, со закон да уредува прашања во врска и со нивната пензија.

Но, од друга страна, според член 9 од Уставот, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба (став 1) и граѓаните пред Уставот и законите се еднакви (став 2).

Според тоа, од сите напред изнесени уставни определби произлегува дека законодавецот, при остварувањето на правото со закон да уредува прашања во врска со работниот однос и неговиот престанок, како и со социјалната сигурност на граѓаните и пензиите како нивен дел, има уставна обврска граѓаните да ги стави во еднаква правна положба по наведените основи.

Тргнувајќи од таквите уставни определби, пред Судот се постави прашањето дали оспорениот закон пропишува еднаква правна положба на граѓаните. Имено, Судот изразува сомнение дали предвидувањето, во член 1, Законот да се однесува само на некои вработени кај корисниците и единките - корисници на средствата од Буџетот на Република Македонија, а не на сите кои остваруваат средства од тој ист извор, не значи дека Законот има нееднаков третман кон граѓаните кои се во иста општествена положба, а што е на штета на оние кои се опфатени со Законот; истото сомнение на Судот се отвора (различно третирање на граѓаните при истоветна општествена положба) и во однос на содржината на член 4 од Законот (некој вработен кај корисник на средствата од Буџетот може да бара дали ќе замине во предвремена пензија, а некој не, што е на штета на вториве) како и во однос на член 9 од Законот (некои професори остваруваат право на предвремена пензија, а некои не, што е исто така на штета на вториве). Исто така, Судот изразува сомнение дали предвидувањето, во член 2 став 1 алинеја 1 од Законот, на мажите - вработени кај корисниците на средствата од Буџетот да им престане работниот однос со 63 години живот, а на жените - вработени кај корисниците на средствата од Буџетот со 58,5 години живот, во ситуација кога тие имаат исти години пензиски стаж, не значи нееднаков однос на Законот кон граѓаните по основ на пол, а на штета на жените; тоа сомнение на Судот (нееднаков однос на Законот кон граѓаните само затоа што се со различен пол) се однесува и на содржината на член 3 од Законот со оглед дека со него се предвидува различна висина (поради различен процент) на пензиска основица на мажите и жените (и едните и другите вработени кај корисниците на средствата од Буџетот) со исти години пензиски стаж, со тоа што во овој случај мажите се ставени во понеповолна правна положба. Што се однесува, пак, до содржината на другите законски одредби, Судот смета дека тие се во функција на напред наведените законски одредби и не можат самостојно да егзистираат во правниот поредок.

Имајќи ги предвид изнесените сомненија на Судот за содржината на оспорениот закон во неговата целина, од една страна, потоа паралелно со овој закон постоење на регулативата за работните односи и за пензискиот систем (Законот за работните односи и Законот за пензиското и инвалидското осигурување), во кои се содржи поинакви решенија за престанокот на работниот однос и за остварувањето на правото на пензија отколку во оспорениот закон, од друга страна и, исто така, имајќи предвид дека не се донесени соодветните закони со кои прецизно би се дефинирала положбата и правата на вработените кај корисниците на средствата од Буџетот (Закон за Владата на Република Македонија, Закон за државната управа, Закон за управната постапка, Закон за управните спорови, Закон за државните службеници, ....), од трета страна, пред Судот се постави прашањето дали оспорениот закон ја запазува уставната обврска за тоа граѓаните да бидат еднакво третирани и недискриминирани со закон.

Истовремено, со оглед дека на вработените кај корисниците на средствата од Буџетот опфатени со оспорениот закон, им се менуваат правата од работниот однос и во врска со пензијата, а на другите вработени не, пред Судот се постави прашањето дали со тоа Законот не создава правна несигурност и, преку неа која е составен дел на доминантноста на правото како об-

јективно мерило над субјективната волја, дали не се повредува владеењето на правото, што е темелна вредност на правниот поредок на Република Македонија според член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

7. Со оглед на тоа што се поведе постапка и се изрази сомнение во тоа дали Законот обезбедува еднаков правен третман на граѓаните, потоа дали не создава правна несигурност и, со тоа, дали не ја загрозува темелната вредност на правниот поредок на Република Македонија - владеење на правото, од што можат да настанат тешко отстранливи штетни последици за граѓаните, Судот оцени дека се исполнети условите за изрекување на времена мерка предвидени во членот 27 од Деловникот на Судот, поради што одлучи како во точката 2 од ова решение.

8. Ова решение Судот го донесе со мнозинство во состав од претседателот на Судот д-р Тодор Џунов и судиите д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, д-р Јован Проевски, Бесим Селими и д-р Јосиф Талевски.

У. бр. 77/2000
12 јули 2000 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
д-р **Тодор Џунов,** с.р.

**2511.**

Врз основа на член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Службен весник на РМ" бр. 17/91), Републичката геодетска управа донесува

### РЕШЕНИЕ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Груништа - Општина Старавина.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-3636/1
25 јули 2000 година
Скопје

Директор,
дипл.правник **Ѓорѓи Лазески,** с.р.

**2512.**

Врз основа на член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Службен весник на РМ" бр. 17/91), Републичката геодетска управа донесува

### РЕШЕНИЕ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Балдовенци - Општина Новаци.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-3637/1
25 јули 2000 година
Скопје

Директор,
дипл.правник **Ѓорѓи Лазески,** с.р.

**2513.**

Врз основа на член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Службен весник на РМ" бр. 17/91), Републичката геодетска управа донесува

### РЕШЕНИЕ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Полог - Општина Бач.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-3638/1
25 јули 2000 година
Скопје

Директор,
дипл.правник **Ѓорѓи Лазески,** с.р.

**2514.**

Врз основа на член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Службен весник на РМ" бр. 17/91), Републичката геодетска управа донесува

### РЕШЕНИЕ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Будимирци - Општина Старавина.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-3639/1
25 јули 2000 година
Скопје

Директор,
дипл.правник **Ѓорѓи Лазески,** с.р.

**2515.**

Врз основа на член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Службен весник на РМ" бр. 17/91), Републичката геодетска управа донесува

### РЕШЕНИЕ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Сливица - Општина Бач.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-3640/1
25 јули 2000 година
Скопје

Директор,
дипл.правник **Ѓорѓи Лазески,** с.р.

**2516.**

Врз основа на член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Службен весник на РМ" бр. 17/91), Републичката геодетска управа донесува

**РЕШЕНИЕ**

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Градешница - Општина Старвина.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-3641/1
25 јули 2000 година
Скопје

Директор,
дипл.правник **Ѓорѓи Лазески,** с.р.

**2517.**

